316.334.3:316.653(497.7)

# ПОЛИТИЧКАТА ИСКЛУЧИТЕЛНОСТ И ПОЛИТИЧКАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Ило Трајковски***

*Айсшракш:* Во прилогот се назначува тезата дека извор на социјалната, културната, економската, политичката и воопшто општествената исклученост кај нас е политичката исклучителност. Таа се институционализира како ексклузивност на политичките партии во уредувањето на јавните работи и регрутацијата на кадри за јавни функции.

*Клучни зборови: ойшшесшвена исклученосш, йолишичка исклученосш, йолишичка исклучишелносш, сшрашегиски докуменши, йолишичка йракса.*

## ПОЛИТИЧКАТА ИСКЛУЧИТЕЛНОСТ И ПОЛИТИЧКАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Почитувани колеги, драги пријатели од Краков... се радувам на оваа можност за размена со вас. Јас и мојот Институт израснавме нестрпливо исчекувајќи го секое Скопско-краковско и Краковско-скопско социолошко биенале. Се надевам дека таа соработка ќе продолжи и понатаму.

Со мојот прилог, насловен Политичката исклучителност и политичката исклученост во Република Македонија, на ниво на работа во тек, ја развивам тезата дека политичката исклученост во Македонија е многу поширок, позначаен и социолошки подлабоко вкоренет општествен феномен – позначаен, поширок и подлабоко вкоренет во споредба со востановениот начин на разбирање, дефинирање и третман на политичката исклученост кај нас.

Имено, во постојната литература и политичка пракса, политичката исклученост вообичаено се сведува на исклученост од политиката на т.н. ранливи категории и, пред сѐ, на сиромашните и маргиналните категории граѓани. На пример, стратегиските документи на државата во кои се третираат прашањата за „општествената“ или „социјалната“ исклученост (овие два термини во ваквите документи се користат без никаква дискриминативност и тавтолошки) политичката исклученост се споменува само маргинално. Во тие

* ilo@fzf.ukim.edu.mk

документи таа се третира како нуспродукт на материјалната исклученост, т.е. на сиромаштијата.

Спротивно на тоа, јас наоѓам и сакам да докажам дека политичката исклученост на ранливите категории граѓани е одраз на една подлабока идеолошко политичка сила која го моделира македонското општество во транзиција. Таа идеолошко-политичка сила ги исклучува не само малцинските и маргинални групи туку го маргинализира мнозинството од општеството и го движи општеството во целина на маргините на европските развојни процеси. *Таква идеолошко-политичка сила е политичката исклучителност.*

Но, пред да ја елаборирам оваа теза, нужно ми се наметнуваат два поимно терминолошки проблеми. Првиот е поврзан со значењето на терминот **„ОПШТЕСТВЕНА ИСКЛУЧЕНОСТ“**. Во врска со ова, се поставуваат неколку прашања за дискусија, но овде ќе отворам само две: Првото, што подразбираме ние во Македонија под **„ОПШТЕСТВЕНО ИСКЛУЧУВАЊЕ“** – термин од самиот наслов на нашиов овогодишен семинар, а што под „spoleczne wykluczenia“ подразбираат нашите колеги од Полска. Дали зборуваме за исто? Второто прашање е каков е односот помеѓу поимите **општествена исклученост** и **социјална исклученост** (или во врска со нив поимите општествена интеграција/инклузија и социјална интеграција/инклузија). Во врска со ова можни се и други прашања, но ќе застанам, на овие две.

Вториот поимно терминолошки проблем е поврзан со термините ***исклученост*** и ***исклучителност***. Првиот е една, повеќе или помалку, *топографска категорија*. Тој назначува ос/ставање на некого или на некоја категорија население надвор од нешто, од некоја сфера во општеството. На пример колешката Антоанела Петковска ќе зборува за **КУЛТУРНА ИСКЛУЧЕНОСТ**, ОДНОСНО ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ НА НЕКОИ ОД СФЕРАТА НА КУЛТУРАТА. Колешката Марија Дракулевска ќе зборува за **ОПШТЕСТВЕНА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО МЕДИУМИТЕ** (да ја наречеме **медиумска исклученост**) во смисла на тоа дека одредена категорија е исклучена од сферата на медиумите.

За разлика од ова, вториот термин, „**исклучителност**“, означува нешто друго. На пример, според насловот на соопштението на колегата Зоран Матевски, тој нема да зборува за некаква **РЕЛИГИСКА ИСКЛУЧЕНОСТ** и дали такво нешто постои во Македонија, туку за **РЕЛИГИСКАТА ИСКЛУЧИВОСТ**. Денес, со ретки исклучоци граѓаните на Република Македонија ги уживаат религиските слободи загарантирани со Уставот и со меѓународните документи за човековите права и слободи и затоа не се зборува за религиска исклученост.

Но, многу истражувања и искуствени ситуации сведочат за појави на **религиска исклучивост кај нас**. Тоа се должи на тоа што одредени религиски кругови себеси се сметаат за *исклучителни*, дека нивните стојалишта, убедувања, ставови и права се единствени, ексклузивни во однос на сите други.

Ова се прашања од општотеориски карактери и како такви се важни за поставување на рамката на нашата размена на мислења. Нивното назначување и врамување е претпоставка за елаборација на тезата на мојот прилог – дека **различните појавни и видливи форми на исклученост (социјална, културна, медиумска, политичка и други) во Македонија** се манифестации и последици од поширокиот и подлабок феномен на **политичката исклучителност**, а не просто последица од други социјално-економски или културни фактори.

**Политичката исклучителност** најпрво води во политичко исклучување, т.е. политичка исклученост и исклучивост на различни категории граѓани **од процесот на донесување политички одлуки**, а тоа пак има за последица социјална, религиска културна и друга исклученост.

Значи јас различните форми на општествена исклученост (социјална, економска, културна, религиска, морална па и политичката) ги гледам како последица од политичката исклучителност. Според мене, токму политичката исклучителност е изворот на сите форми на исклученост од општеството.

Но, и покрај ваквата важност на овој феномен тој не нашол соодветно место во официјалните документи со кои се градат политиките за намалување или надминување на општествената исклученост, односно за инклузија. Така, на пример, во националната **Стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во РМ 2010-2020** (Стратегија 2010-2020) нема ни збор ниту за политичката исклученост ниту за политичката исклучителност. Напротив, во Стратегијата се исчитува силната **исклучителност на политиката** во однос на другите општествени сфери. Политиката е поставена како демиург, како вистински творец на сите општествените случување – би рекол, денес, дури и повеќе отколку во минатите времиња на комунизмот. Ако комунистичката тоталитарна политика беше сепак ограничувана со идејата за еднаквоста, денешната неолиберална политика водена од идејата за слободата и, кај нас, засилена со мобилизација на различни етнорелигиски стравови, се чини е апсолутно слободна и со ништо неограничена – слободна трговија, слободен пазар, слободен избор... итн.

Се прашувам, како може да се размислува и да се планира намалување на сиромаштијата на сиромашните и исклучени граѓани ако тие се политички исклучени поради исклучителноста на политиката и политичките елити? Стратегијата наведува дури четиринаесет подрачја во кои државата ќе дејствува со цел да се намали сиромаштијата и општествената исклученост воопшто. Но, ниту едно од нив не е политиката. Стратегијата, на пример, зборува за различни **политики кои треба да се преземат во одделните сфери за намалување на различните форми** на исклученост. Но, самата политика како сфера во која се случува и од која произлегува социјалната исклученост е исклучена од видното и акционото поле.

Стратегијата, на пример, предвидува мерки за вклучување на сиромашните и социјално исклучените во сите други сфери на општествениот живот освен во политиката. Се предвидуваат мерки во областа на вработувањето, неформалната економија, пазарот на труд, здравствената заштита, долготрајната нега, социјалната заштита, образованието, социјалната заштита, транспортот и комуникациите, домувањето и детската заштита итн., но не и во политика. Кој сака бездомник во домот на претставничката демократија, парламентот, или просјак во министерство за финансии!

Со ова не сакам да кажам дека политичката исклученост на оваа или онаа категорија граѓани не заслужува внимание. Напротив, сакам да укажам дека исклученоста на сиромашните и другите ранливи категории е последица од поширокиот феномен на политичката исклучителност. Овде не мислам само на исклучувањето од процесот на донесување политички одлуки на активистите на опозициските политички партии туку и на исклучувањето на независните и партиски неопределените граѓани. Би рекол дека политичката исклученост на ранливите категории е последица на тој поширок феномен на политичка исклучивост. Или си со нас или си против нас.

Значи политиката е исклучителна и исклучувачка. Оваа исклучителност на македонската политиката, на македонската политичка сфера, на македонската политичка елита, според мене е силен генератор на сите други форми на исклучување и исклучивост во македонското општество.

Политиката денес кај нас како, впрочем и во другите модернизирани општества не е просто одраз на овие или оние социјално-економски, културни или други социолошки фактори. Промислено од една Веберовска позиција политиката е **САМАТА** по себе фактор кој ги обликува општествените процеси на исклучување во различните сфери. Но, не само Макс Вебер. И Фридрих

Енглес во предговорот на **Граѓанската војна во Франција** пишува токму за таа исклучителност и „автономија на политиката“ во однос на другите општествени сфери. Дозволете да потсетам. Енгелс во предговорот кон Марксовата *Граѓанската војна во Франција*, а по повод издавањето на оваа книга 20 години по Париската комуна (значи во 1891 година) вели вака: „...Што е карактеристика на модерната држава? Општеството си создало свои органи за да ги остваруваат заедничките интереси... Но, тие органи, на чие чело стои државната власт, со тек на времето, следејќи ги нивните посебни интереси се преобразиле себеси од слуги на општеството во негови господари, што може да се види не само на примерите на наследните монархии туку, исто така, и на примерите на демократски републики. Никаде ’политичарите‘ не формираат толку одвоена (јас ќе ја окарактеризирам како исклучителна и исклучувачка И.Т.) и моќна секција од нацијата како во Северна Америка. Таму, секоја од двете големи партии кои алтернативно се менуваат на власт е контролирана од луѓе кои од политиката прават бизнис, кои шпекулираат со места во законодавната асамблеа... , или кои заработуваат за живот агитирајќи за својата партија која по победата ги наградува со позиции“ на власт (Engels 1891) од кои тие потоа ги исклучуваат непартијците. Ги исклучуваат не само од пристапот до јавните ресурси туку неретко ги лишуваат од пристапот до нивните приватни ресурси. Сè во името на слободната конкуренција и претставничката демократија.

Цитираното зборува за претставничката демократија во Соединетите Американски Држави во едни далечни времиња (деветнаесеттиот век). Тие времиња и состојби кај нас се случуваат денес, во дваесеттиот првиот век. Но, со една голема разлика што кај нас, политичката исклучителност не е просто прашање на политичката пракса и политичката борба туку и прашања на постојните институционални аранжмани. Политичарите кај нас не само што се де факто формирани како најмоќна „секција“ во општеството туку се и де јуре, со бројни меѓусебни спогодби и договори и врз основа на нив, бројни законски решенија и други нормативни одредби, утврдени како исклучителни (Договор од Пржино 2015, Закон за Влада 2015). Врз основа на овие и многу други институционални аранжмани политичката како и другите форми на општествена исклученост се покажуваат како последица од политичката исклучителност институционализирана како општествена ексклузивност на политичките партии.

Ви благодарам

**Упати**

Engels Frederich 1891 *On the 20th Anniversary of the Paris Commune, https://www.marxists.org/archive/marx/works/1871/civil-war-france/postscript.htm*

*Стратегија* 2010-2020, Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија (Ревидирана 2010-2020), МТСП, Скопје 2013

*Договорот од Пржино* 2015, https://vistinomer.mk/shto-tochno-se-veli-vo-dogovorot-od-przhino/

Закон за Влада 2015, *Закон за измени и дополнување на Ззаконот за Влада на Република Македонија*, , Службен весник бр. 196/15 http://www.slvesnik.com.mk/Issues/63cc34eb402342698f7e82e59629175a.pdf